Архивски број: 08-406/14
_________ година
22-09- 2023

Постапувајќи по претставка бр. 08-406/1 од 19.06.2023 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted], Општина Илинден, Скопје, против Општина Илинден, за сторена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), на 20.09.2023 година го донесе следново:

# М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на пристапот до добра и услуги од страна на Општина Илинден и Јавното Комунално Претпријатие „ВОДОВОД" н. Илинден, кон лицето [redacted], Општина Илинден, Скопје.

## О б р а з л о ж е н и е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) поднесена е претставка со архивски број 08-406/1 од 19.06.2023 година, од подносителот [redacted], со адреса на живеење на ул. [redacted], Општина Илинден, Скопје, против Општина Илинден, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на пристапот до добра и услуги.

Подносителот во претставката наведува дека од жителите на новата населба Јака во Општина Илинден, за приклучок на одводна (канализациона) мрежа, се бара да уплатат [redacted] денари, иако и во останатиот дел од општината се поставува одвод, а од овие жители не се бара да уплатат финансиски средства за приклучување на одвод, односно на канализациона мрежа.

Комисијата на 27.06.2023 година испрати Барање за произнесување по наводи од претставка до Општина Илинден, заведено под архивски бр. 08-406/4. Со оглед да Одговор од потенцијалниот дискриминатор не беше доставен во законски утврдениот рок, Комисијата на 28.07.2023 година испрати и Ургенција бр. 08-406/5. По ова на 10.08.2023 година во архивата на Комисијата пристигна произнесување од Општина Илинден заведено под арх. Бр. 10-1846/4. Во истиот е наведено дека, имајќи го во предвид фактот дека претставката се однесува на комунална услуга побарано е произнесување во однос на претставката од страна на Јавно Комунално Претпријатие „ВОДОВОД" н. Илинден кое има надлежност да ја спроведува оваа комунална услуга.

Согласно одговорот на претпријатиeто, надоместокот за приклучок на канализациониот систем за одведување на урбаните отпадни води во населбата [redacted] е утврден со Одлука за утврдување на надоместок за поставување на приклучок на фекална канализација во Блок 32 КО Марино – Општина Илинден согласно Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино – планска документација – плански период 2012 – 2022, заведена под арх. бр. 02-92/5 од 18.04.2023 година донесена од Управен одбор на ЈКП „Водовод" н. Илинден и Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за поставување на приклучок на фекална канализација во Блок 32 КО Марино – Општина Илинден согласно Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино – планска документација – плански период 2012 – 2022, заведена под арх. бр. 08-1240/12 од 27.04.3023 година донесена од страна на Советот на Општина Илинден. Согласно наведените Одлуки надоместокот за приклучок на канализациониот систем изнесува **12.000 денари** и истиот е намален споредено со претходно важечката Одлука согласно која овој надоместок изнесувал [redacted] денари.

Со цел потврдување на наводите изнесени во произнесувањето, Комисијата на 10.08.2023 година испрати Барање за дополнителни податоци до подносителот на претставката со кое побара да достави доказ за исплатен износ од 14.00,00 денари на име – Трошоци за приклучок на одводна мрежа. На 11.08.2023 година од страна на подносителот по електронски пат доставени како доказ две уплатници, од кои едната само со податоци за уплата, а другата за извршена уплата на износ од 14.160, 00 денари со цел на дознака – приклучок на канализација за населено место [redacted] Заради наведеното, Комисијата до ЈКП „Водовод" н. Илинден, поднесе Барање за дополнителни податоци, заведено под арх. бр. 08-406/9 со кое беа побарани двете Одлуки со кои е утврдена висината на надоместокот, како и преглед на уплати за приклучување на одводна мрежа (канализација) на жители на населба „Јака" за последните 6 месеци и преглед на уплати за приклучок на одводна мрежа (канализација) на жители кои живеат во останатиот дел/другите населби во Општина Илинден.

На 25.08.2023 година до Комисијата доставен е Одговор на барање од ЈКП „Водовод" н. Илинден заведено под арх. бр. 03-149/5 од 22.08.2023 година. Потенцијалниот дискриминатор ги достави бараните Одлуки, како и бараниот преглед на уплати. Од доставените Одлуки се потврдуваат наводите изнесени во произнесувањето на ЈКП "Водовод", н. Илинден. Од прегледот на извршени уплати пак, се забележува дека граѓани имаат плаќано различни износи за приклучок, во периодот од 01.01.2023 година до 31.07.2023 година. Износите се движат во распон од 847 денари па се до износи од 35.000 денари и повеќе. Со оглед на ова, а врз основа на член 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел кредибилно и мериторно носење мислење по претставката, Комисијата на 07.09.2023 година изврши непосреден увид и службен разговор со г-а [redacted], вработена во Одделение за канализација при ЈКП „Водовод" во населба Илинден во службените простории на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

претпријатието, евидентирано со Записник број 08-406/13. При тоа побарано е појаснување кој е износот кој граѓаните треба да го платат за да бидат приклучени на канализационата мрежа, а вработената во ЈКП „Водовод" н. Илинден објасни дека согласно Одлуката на ЈКП „Водовод" н. Илинден и Одлуката на Советот на Општина Илинден со која е дадена согласност на првонаведената Одлука – износот е 12.000 денари. Притоа посочи дека на износот од 12.000 денари се пресметува и додава износот на Данокот на додадена вредност по што вкупниот износ за наплата изнесува 14.160 денари. Воедно беше побарано објаснување дали за приклучување на канализационата мрежа им се наплаќа и на други граѓани, жители на Општина Илинден, а кои не се жители на населбата [redacted] на што вработената одговори дека единствено населбата [redacted] е нова населба и таму се гради поради што се ставаат приклучоци и се наплаќа услугата за приклучување на канализациона мрежа, што не е случај со останатите делови од општината поради тоа што таму веќе жителите се приклучени на канализационата мрежа, нешто што се случувало во текот на годините наназад.

При увид во Прегледот на фактури кој е доставен до Комисијата од кој се евидентни различни износи уплатени од граѓани, беше побарано појаснување од вработената, зошто е таа воочлива разлика во износите. Појаснето беше дека во Прегледот кој е доставен износите на фактурите се различни со оглед дека станува збор за различни услуги кои ги дава и наплатува претпријатието, како што се ставање на мислење за хидротехнички услови за што се наплатува понизок износ, приклучување на канализациона мрежа за што се наплаќа износ од 14.160 денари, приклучоци за вода итн.

Комисијата утврди дека износот за приклучок на канализационата мрежа во населба Јака во Општина Илинден изнесува 12.000 денари согласно Одлука за утврдување на надоместок за поставување на приклучок на фекална канализација во Блок 32 КО Марино – Општина Илинден согласно Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино – планска документација – плански период 2012 – 2022, заведена под арх. бр. 02-92/5 од 18.04.2023 година донесена од Управен одбор на ЈКП „Водовод" н. Илинден и Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на надоместок за поставување на приклучок на фекална канализација во Блок 32 КО Марино – Општина Илинден согласно Урбанистички план за село Илинден, Марино и дел од КО Кадино – планска документација – плански период 2012 – 2022, заведена под арх. бр. 08-1240/12 од 27.04.3023 година донесена од страна на Советот на Општина Илинден. **На вака утврдениот износ од 12.000,00 денари се пресметува и додава износот на Данокот на додадена вредност по што вкупниот износ за наплата е 14.160,00 денари.**

Во Општина Илинден единствено населбата Јака е нова населба каде се гради поради што се ставаат приклучоци и се наплаќа услугата за приклучување на канализациона мрежа, што не е случај со останатите делови од општината од причина што таму жителите се приклучуваат на канализациона мрежа изградена од самите граѓани, нешто што се случувало во текот на годините наназад.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата утврди дека конкретниот случај не може да се подведе под дефиницијата за дискриминација, односно не е исполнет законскиот услов содржан во член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно надлежностите утврдени со член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, поради гореизнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Известител- член на КСЗД, г-дин Лимко Бејзароски

Скопје,
21.09.2023 година

**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**

Заменик Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

1. [redacted]
2. Општина Илинден, н. Илинден, Скопје
3. ЈКП „ВОДОВОД" н. Илинден, ул. "9", б.б, н.Илинден, Скопје
4. Архива на КСЗД